Почитувани Клиенти

Ви благодариме што го одбравте нашиот производ и се надеваме дека ќе одговори на Вашите потреби. Внимателноги следите ги препораките од ова упатството и Вашиот уред ќе остане ефикасен. Не се двоумете да ни се обратите кога ќе имате потреба од нас. Ние секогаш ќе бидеме веднаш до вас за да Ви помогнеме кога за тоа ќе имате потреба и да Ви дадеме корисна информација за сите производи од марката **Eurolux**.

СОДЕРЖИНА

MK

Запознавање со машината 37
Технички спецификации
Усогласување со стандардите и тест податоците

Безбедносни информации и препораки 39
Рециклирање
Безбедносни информации
Препораки
Предмети несоодветни за машината за садови

Монтирање на машината 42
Позиционирање на машината
Поврзување со вода
Доводно црево за вода
Одводно црево за вода
Електрично поврзување
Пред да ја користите машината

Подготовка на машината за употреба 44
Важноста на декалцификацијата на водата
Полнење со сол
Лента за тестирање
Прилагодување на потрошувачката на сол
Употреба на детергент
Полнење на преградата за детергент
Комбиниран детергент
Полнење на додатно средство за плакнење и прилагодување

Полнење на машината за садови 50
Горна корпа
Долна корпа
Додатни корпи за полнење
Стандардно полнење и тест податоци

Опис на програмите 55
Програми

Вклучување на машината и одбирање програма 56
Вклучување на машината
Програма follow-up
Менување на програмата
Менување на програмата со ресетирање
Исклучување на машината

Одржување и чистење 59
Филтри
Рачки за распрскување
Црево за филтер
Кодови за дефект и што да направите во случај на дефект 61
Практични и корисни информации 64



1. Горна корпа со полици
2. Горна рачка за распрскување
3. Долна корпа
4. Долна рачка за распрскување
5. Филтри
6. Натписна табличка
7. Контролна плоча
8. Преграда за детергент и средство за плакнење
9. Преграда за сол
10. Рачка за долната корпа
11. Горна корпа за прибор

12 – ***Таванска рачка за распрскување:*** Овозможува подобро миење на садовите кои се во горната корпа

14 – ***Внатрешно светло:*** Ви овозможува подобро местење на вашите садови

13 – ***Сушење со вентилатор:*** овој систем обезбедува подобро сушење за вашите садови



1.) Копче за вклучување и исклучување
Кога е притиснато копчето за вклучување/исклучување, индикаторот за крај на програмата светнува.

2.) Дисплеј на програма
Диплејот на програма го покажува времето на програмата и преостанатото време за време на програмата. Можете исто така follow-up одбраните програми на овој дисплеј.

3.) Копче за одбирање програма
Со копчето за бирање програма, можете да одберете соодветна програма за вашите садови

4.) копче за одложување на времето
Може да го одложите времето на почеток на одбраната програма за 1-2 ….19 часа со притискање на копчето за одложен старт на вашата машина. Кога ќе го притиснете копчето, одложувањето “1h” се појавува на дисплејот за програма. Ако продолжите со притискање на копчето за одложен старт, 1-2… 19 ќе се појавуваат по ред. Можете да го активирате стартот со одбирање на времето на одложување и бараната програма на миење со копчето за бирање програма. Исто така е можно да се одбере програма прво а потоа да го одложите стартот. Ако сакате да го промените или одложите времето на одложен старт, може да го прилагодите со копчето за одложување на старт; ќе се активира според последната внесена вредност.

5.) Копче за таблети детергент (3 во 1 копче)
Притиснете го копчето за таблета детергент кога користите комбиниран детергент кои вклучуваат сол и дополнително средство.

6.) копче за пред миење

Ако одберете програма со додатно пред-миење, можете да го подобрите миењето. Кога ќе одберете пред-миење, се менува температурата и времето на миење на некои програми.

Забелешка: Кога програмата не е компатибилна со програмата за пред-миење, се слуша зуење кое покажува дека одбраната програма не е компатибилна со опцијата на пред-миење.
Забелешка : ако сакате само пред-миење, одберете програма пред- миење со копчето за бирање програми.

7/ ½ копче за пола полнење

Со помош на функцијата ½ , три вида на миење може да се направат и тоа со долната корпа, горната и двете.

Ако имате малку садови во вашата машина и мора да ги измиете, може да ја активирате функцијата со пола полнење додатно како дел од некои програми. Ако имате садови до двете крошни, притиснете го копчето ½ и одберете ја позицијата во која двете сијалички се вклучени.



Ако имате садови само во горната корпа, притиснете го копчето ½ и одберете ја позицијата во која само горната сијаличка свети. Така, миењето ќе биде направено само на горната корпа. Не треба да ставате садови на долната корпа.



Ако имате садови само на долната корпа, притиснете го копчето ½ и одберете позиција во која само долната сијаличка ќе свети. Таа, миењето ќе се спроведе само на долната корпа. Кога ја користите оваа функција, не треба да ставате садови во горната корпа.

Забелешка: Кога ќе одберете некомпатибилна програма со копчето за пола полнење, се слуша звук на зуење кој покажува дека одбраната опција не е компатибилна.

8.) индикатор за недостаток на сол
За да проверите дали солта за омекнување е доволна или не, проверете ја сијаличката за сол на дисплејот. Кога оваа сијаличка за сол ќе се вклучи, отворете ја преградата и дополнете.

Индикатор за недостаток на додатно средство за плакнење
За да проверите дали има доволно средство за плакнење во вашата машина проверете ја сијаличката за недостаток на средство за плакнење на дисплејот. Кога оваа сијаличка за средство за плакнење ќе се вклучи, отворете ја преградата и дополнете.

Индикатор за крај на миењето

Индикаторот за крај на програмата на контролната плоча се вклучува кога одбраната програма на миење е завршена. Машина исто така ќе даде звук на зуење „5 пати“ кога ќе заврши програмата.

технички спецификации

капацитет	15 места за поставување
висина	820 mm – 870 mm
ширина	5 9 6 mm
длабочина	550 mm
нето тежина	38 kg
влезен напон	220-240 V, 50 Hz
вкупна моќ	2200 W
грејна моќ	2000 W
моќ на пумпање	1 0 0 W
моќ на одводна пумпа	30 W
притисок на доводот на вода	0.03 MPa (0,3 bar) - 1 MPa (10 bar)
струја	10 A

Производителната компанија го задржува правото да го промени дизајнот и техничките спецификации.
Векот нафункционирање на машината е 10 години (времетраењето налага да се чуваат резервни делови за да се овозможи правилна работа на машината).

Согласност со стандардите и тест податоците / ЕУ Декларација на согласност

Сите фази поврзани со машината се спроведени во согласност со безбедносните правила одредени со9 релевантните директиви на европската заедница 2004/108/EC, 2006/95/EC,IEC 436/DIN 44990, EN 50242

БЕЗБЕДНОСНИ ИНФОРМАЦИИ И ПРЕПОРАКИ

Рециклирање

- Некои компоненти и пакувањето на машината се произведени од материјали кои може да се рециклираат.
- Пластичните делови се обележани со меѓународни кратенки: (>PE< , >PS< , >POM<, >PP<, ….)
- Картонските делови се направени од рециклирана хартија и треба да ги фрлите во соодветни контејнери за рециклирање хартија.
- Таквите материјали не се соодветни да ги фрлите во кантите за ѓубре. Треба да ги однесете во центрите за рециклирање.
- Контактирајте ги соодветните центри за да добиете информации за методите и местата за отпадок.

Безбедносни информации

Кога ја испорачувате машината

- Проверете ја машината дали е оштетена или пакувањето. Ако е оштетена немојте да ја вклучувате, контактирајте со овластен сервис.
- отпакувајте ја како што е покажано и фрлете го пакувањето според правилата.

На што треба да се внимава при монтирањето на машината

- Одберете соодветно, безбедно и рамно место каде ќе ја инсталирате машината.
- Направете го монтирањето и поврзете ја машината според упатствата.
- Оваа машина треба да ја монтира и поправа единствено овластен сервис.
- треба да се користат единствено оригинални резервни делови.

- Пред да ја монтирате, осигурете се машината да не е вклучена во струја.
- Проверете дали внатрешниот електричен систем е поврзан според регулативите.
- Сите електрични поврзувања мора да се согласуваат со вредностите напишани на натписната табличка.
- Посебно внимавајте машината да не стои на електричен напоен кабел.
- Никогаш не користете продолжителен кабел ниту штекер со повеќе приклучоци за поврзување. Штекот треба да е лесно достапен откако машината ќе биде инсталирана.
- Ве молиме монтирајте ја машината за садови под или во кујнскиот елемент според упатството. Внимавајте производот да биде фиксиран правилно.
- Откако ќе ја монтирате машината на соодветно место, вклучете ја празна првиот пат.

Секојдневна употреба

- Оваа машина е за секојдневна употреба, не користете ја за друга намена. Нема гаранција за комерцијална употреба на машината.
- Не седите, не се потпирајте и не ставајте тежина на отворена врата на машината, може да се преврти.
- Не користете детергенти ниту додатни средства освен оние кои се наменети специјално за машина за миење садови. Нашата компанија не е одговорна за штета од ваков вид.
- Водата во машината во делот за миење не е за пиење, немојте да ја пиете.
- Поради ризик од експлозија, во делот за миење не ставајте никакви хемиски агенси како што се растворувачи.
- Проверете дали пластичните садови се отпорни на топлина пред да ги миете во машината.
- Не ставајте садови кои не се соодветни за миење во машина за садови. Исто така не преполнувајте ја машината. Нашата компанија не е одговорна за штета направена од гребнатини на внатрешната рамка на машината кои настанале поради движења на корпата.
- Бидејќи топла вода може да испрска од внатре, вратата на машината не смее никако да се
- отвора додека трае миењето на садовите. Во секој случај, безбедносните уреди овозможуваат запирање на машината ако вратата се отвори.
- Не оставајте ја вратата на машината отворена. Во спротивно може да дојде до несреќа.
- Ножевите и острите предмети ставете ги корпата за прибор со сечилото свртени надолу.
- Оваа машина не е наменета да ја користат лица (вклучувајќи и деца) со намелени физички и ментални способности или кои немаат искуство и знаење, освен ако личност одговорна за нивната безбедност не им дава упатство како да ја користат машината.

За безбедност на децата

- Откако ќе ја отпакувате машината, внимавајте пакувањето да не е на дофат на деца.
- Не дозволувајте деца да си играат или ја стартуваат машината.
- Децата треба да се подалеку од детергенти и други средства.
- Децата треба да се подалеку од машината кога е отворена бидејќи може да има остатоци од средството за чистење внатре во машината.
- Осигурете се дека старата машина нема да претставува закана за вашите деца. Децата може да се заглават внатре во стари машини. За да не дојде до таква ситуација, извадете го заклучувањето на вратата и електричните кабли.

Во случај да се расипе машината

- Доколку машината се расипе треба да ја поправат квалификувани лица. Ако ја поправаат лица кои не се стручни и дојде до оштетување, гаранцијата на машината не важи пред да вршите поправка на машината, внимавајте да биде исклучена од струја. исклучете го осигурачот или кабелот од приклучокот. Не влечете го кабелот кога го исклучувате. Затворете ја славината.Препораки
- За заштеда на струја и вода, отстранете ги закоравените остатоци од садовите пред да ги ставите во машината. Пуштете ја машината откако целосно сте ја наполниле.
- Ако е потребно пуштете ја програмата со пред миење.
- Садовите кои имаат празнина како што се длабоки чинии, чаши, тенџерења ставете ги во машината свртени надолу.
- Не се препорачува да ги ставате садовите поинаку или во поголема количина.

Препораки

- За заштеда на струја и вода, отстранете ги закоравените остатоци од садовите пред да ги ставите во машината. Пуштете ја машината откако целосно сте ја наполниле.
- Ако е потребно пуштете ја програмата со пред миење.
- Садовите кои имаат празнина како што се длабоки чинии, чаши, тенџерења ставете ги во машината свртени надолу.
- Не се препорачува да ги ставате садовите поинаку или во поголема количина.

Садови кои не се соодветни за миење во машина за садови

- Пепел, восочни остатоци, средства за полирање и хемиски супстанци, материјали од легура;
- Виљушки, лажици и ножеви со дрвени, коскени или од слонова коска рачки, или полирани со седеф, лепени предмети, боја, предмети потопени со абразивни, киселински или базни супстанци.
- Пластични предмети кои не се отпорни на топлина, бакарни или калајни садови;
- Алуминиумски или сребрени предмети (може да ја изгубат бојата)
- Одредени деликатни видови чаши со украсени шеми бидејќи може да избледат веднаш по првото миење; порцелански садови бидејќи може да ја изгубат прозирноста со тек на време, и лепен прибор кој не е отпорен на топлина, кристални чаши, даски за сечење, предмети со синтетички влакна;
- Впивачки предмети како сунѓери или кујнски ќилимчиња не се соодветни за миење во машина за садови

Предупредување: Понатаму купувајте само садови кои се отпорни во машина за миење садови

МОНТИРАЊЕ НА МАШИНАТА

Позиционирање на машината
Кога го одредувате местото за вашата машина, внимавајте да одберете позиција од која лесно ќе можете да ја полните и празните машината.

Не ставајте ја машината на место каде е можно температурата да се спушти под нулата 0°C.

Пред да ја позиционирате, извадете ја машината од пакувањето според упатствата и предупредувањата на самото пакување.

Ставете ја машината близу до славина или одвод за вода. Треба да ја поставите машината и да земете предвид дека поврзувањата откако ќе ги направите нема да се менуваат.

Не фаќајте ја машината за вратата или плочата ако сакате да ја поместите.

Оставете простор од сите страни на машината за да можете полесно да ја придвижите напред и назад додека чистите.

Внимавајте доводното и одводно црево да не бидат притиснати кога ја позиционирате машината. Исто така внимавајте машината да не стои на електричен кабел.

Прилагодете ги ногарките на машината за да биде на рамно ниво. Правилно позиционирање ќе обезбеди непречено отворање и затворање на вратата.

Ако вратата не се затвора добро, проверете дали машината е стабилна и на рамен под. Ако не е, прилагодете ги ногарките на стабилна позиција.



Поврзување со вода
осигурете се водоводот да е соодветен за монтирање машина за садови. Исто така ви препорачуваме да наместите филтер на влезот на вашето место или стан да не дојде до оштетување на машината поради загадување (песок, глина, рѓа итн.) кои понекогаш може да влезат преку главниот водовод и за да спречите пожолтување или формирање на наслаги по миењето.

Доводно црево за вода
Не користете го доводното црево од старата машина, ако сте ја имале. Наместо него, користете го новото доводно црево кое е дадено. Ако користите ново долго црево, пуштете вода низ него ред да го поврзете. Поврзете го доводно црево директно на славината за вода. Притисокот на славината треба да е минимум 0.03 Мра и максимум 1 Мра. Ако притисокот на водата е над 1Мра, мора да се постави вентил за намалување на притисокот.
Откако ќе ги направите поврзувањата, пуштете ја славината целосно и проверете го притисокот на водата..
За безбедност на водата, внимавајте славината на водата секогаш да е исклучена по завршувањето на програмата.





ЗАБЕЛЕШКА: Аквастоп жлебот за вода се користи во некои модели. Ако користите аквастоп постои опасност од притисок. Не сечете го жлебот аквастоп. Не дозволувајте да биде свиткан или извртен.

Доводно црево за вода

Доводното црево за вода може да биде директно поврзано со одводот за вода или преку одвод на славината на мијалникот. Со помош на посебна свиткана цевка (ако ја имате), водата може да се насочи во мијалникот преку закачување на свитканата цевка преку работ на мијалникот.

Ова поврзување треба да е минимум на 50 cm и максимум на 110 см од рамнината на подот.



Предупредување: Ако користите одводно црево подолго од 4 м, садовите може да останат нечисти. Во тој случај, нашата компанија не презема одговорност.





Електрично поврзување

Штекот со заземјување на вашата машина треба да се поврзе со заземјен приклучок со соодветен напон и струја. Ако нема заземјување, повикајте стручен електричар да ја спроведе инсталацијата со заземјувањето. Ако ја користите машината без заземјување, нашата компанија не презема одговорност за евентуална штета.

Вредноста на струјата на внатрешниот осигурач треба да е 0-16 A.

Вашата машина е прилагодена според 220-240 V. Ако напонот во вашето место е 110 V, поврзете трансформатор од 110/220 V и 3000 W. При позиционирање машината не треба да е вклучена.

На низок напон, се намалува ефикасноста на миење на машината.

Секогаш користете го штекот даден со машината.

Електричниот кабел на машината треба да го замени овластен сервис или овластен електричар. Во спротивно може да дојде до несреќа.

Поради безбедносни причини, секогаш исклучувајте го штекот кога програмата ќе заврши.

За да не дојде до електричен шок, не исклучувајте ако рацете ви се влажни.

Кога ја исклучувате од струја машината, повлечете го штекот, а не самиот кабел.

Пред да ја користите машината првиот пат

- Проверете дали спецификациите за довод на електрична енергија и вода одговараат на вредностите наведени во упатствата за монтирање за машината.
- Извадете го материјалите од пакувањето.
- Наместете го делот за омекнување на водата
- Додадете 2кг сол во преградата за сол и наполнете до врвот со вода до ниво да прелева.
- Наполнете ја преградата за средство за плакнење.

ПОДГОТВУВАЊЕ НА МАШИНАТА ЗА УПОТРЕБА

Важноста на декалцификација на водата

За добра работа на машината, потребно е мека односно помалку варовна вода. Во спротивно ќе се формираат бели наслаги на садовите и внатрешната опрема. Ова негативно ќе влијае на миењето, сушењето и светнувањето на садовите. Кога водата минува низ системот за омекнување, јоните кои ја формираат тврдината се отстрануваат од водата и водата ја добива потребната мекост за најдобри резултати при миењето. Во зависност од тврдината на водата овие јони кои ја стврднуваат водата брзо се акумулираат во системот за омекнување. Затоа, овој систем треба да се прочистува за да работи со истите перформанси за време на следното миење. За оваа цел се користи и сол за машини за садови.





Полнење со сол

Користете посебна сол наменета за употреба во машини за садови. За да ја ставите солта за омекнување, прво извадете ја долната корпа а потоа отворете го капачето на преградата за сол со негово вртење во спротивна насока од стрелките на часовникот. Прво наполнете ја преградата со 2кг сол и вода до врвот со инка ако имате бидејќи го олеснува полнењето. Вратете го капачето и затворете. Ако се уште свети сијаличката за предупредување за сол на контролната плоча додадете уште сол во преградата.





Додадете вода во преградата за сол само на првата употреба.
Ако ставите таблета во преградата за сол, не ја полнете целосно преградата. Ви препорачуваме да користите сол за омекнување во ситни зрнца или во прав.
Не ставајте кујнска сол во машината. Во спротивно, функцијата на преградата за омекнување ќе се намали во текот на времето. Кога ја пуштате машината, преградата за сол се полни со вода. Затоа ставете ја солта пред да ја пуштите машината.
На овој начин, солта која претекува веднаш се измива со миењето. Ако не ги миете садовите веднаш откако сте ја ставиле солта, тогаш пуштете програма на кратко миење на празна машина за да не дојде до оштетување (да се спречи нагризување) на машината поради истекување на солта во преградата.

Лента за тестирање
Ефективноста на машината за миење зависи од мекоста на водата. Поради ова, машината е опремена со систем кој ја намалува тврдината на водоводната вода. Ефективноста на машината ќе се зголеми ако правилно се користи сетот. Да ја дознаете тврдината на водата во вашата област, контактирајте го локалниот одбор за вода или одредете ја тврдината со лентата за тестирање (ако ја има).

Отворете ја лентата за тестирање	Пуштете да тече водата од 1 минута	Држете ја лентата во водата околу 1сек.	Протресете ја лентата откако ќе ја извадите од водата	Почекајте 1 мин.	Проверете ја тврдината на водата Според добиените резултати Од лентата за тестирање
					

Прилагодување на потрошувачката на сол
Табела за прилагодувањата за ниво на тврдина на водата

Ниво на тврдина на водата	германска тврдина (dH)	француска тврдина (dF)	британска тврдина (dE)	Индикатор за нивото на тврдина
1	0-5	0-9	0-6	L1 се гледа на дисплејот.
2	6-11	10-20	7-14	L2 се гледа на дисплејот.
3	12-17	21-30	15-21	L3 се гледа на дисплејот.
4	18-22	31-40	22-28	L4 се гледа на дисплејот.
5	23-31	41-55	29-39	L5 се гледа на дисплејот.
6	32-50	56-90	40-63	L6 се гледа на дисплејот.

Ако тврдината на водата што ја користите е над 90 dF (француска тврдина) или ако користите вода од бунар, се препорачува да користите филтер или други средства за прочистување на водата.

ЗАБЕЛЕШКА: Нивото на тврдината е прилагодено на ниво 3 како фабричко прилагодување.

Прилагодување на потрошувачката на сол

прилагодете го омекнувачот за вода според тврдината на водата

Откако ќе ја ресетирате машината, притиснете го копчето за бирање програми и држете го притиснато надолу 3.

Во меѓувреме вклучете ја машината со притискање на копчето за вклучување и исклучување. **1**

Држете го притиснато копчето за бирање програми се додека не “SL” не се изгуби од дислејот.

Ослободете го копчето за бирање програми откако “SL” ќе се изгуби од дисплејот

Вашата машина го покажува последното внесено прилагодување на тврдината на водата

Тврдината на водата може да се прилагоди со копчето за бирање програми. 3 според Табелата за прилагодувања на нивото на тврдина на водата.

Откако ќе го прилагодите нивото на тврдината на водата, притиснете го копчето за вклучување и исклучување да ги зачувате прилагодувањата во меморија 1.

Употреба на детергент

Користете детергент кој е посебно наменет за употреба за домашни машини за садови. Можете да најдете детергенти во форма на прашок, гел или таблети на пазарот кои се наменети за машини за садови во домаќинството.
Детергентот треба да го ставите во преградата пред да ја пуштите машината. Чувајте го детергентот на ладно и суво место, надвор од дофат на деца..
Не ја преполнувајте преградата повеќе од потребното; во спротивно може да предизвика гребнатини на чашите како и слабо растворен детергент.
Ако ви се потребни повеќе информации за детергентот што го користите, контактирајте го директно производителот на детергентот.



Полнење на преградата за детергент

Турнете го резето да се отвори преградата за детергент како што е покажано на сликата. Внатре може да се видат линии за нивоа. Така ќе можете да го измерите износот на детергент. Оваа преграда може да собере вкупно 40 cm^3 детергент. Отворете го детергентот и ставете во поголемата преграда 25 cm^3 ако садовите се многу валкани или 15 cm^3 ако се помалку валкани.

Ако садовите се валкани подолго време, или ако има остатоци од исушена храна, или машина е речиси преполна, ставете 5cm^3 детергент во преградата за пред миење и вклучете ја машината. Може ќе треба да додадете повеќе детергент во машината, во зависност од степенот на валканост и од тврдината на водата во вашата област



Комбинирани детергенти

Производителите на детергенти исто така произведуваат комбинирани детергенти кои се викаат 2 во 1 – 3 во 1- 5 во 1...

Детергентите 2 во 1 содржат детергент + сол или додатно средство за плакнење. Кога користите детергент 2 во 1, треба да внимавате кои функции ги содржи.

Другите таблети детергенти исто така содржат детергент +додатно средство за плакнење +сол+различни додатни функции.
Генерално, комбинираните детергенти даваат доволни резултати под одредени услови на употреба. Таквите детергенти содржат додатно средство за плакнење и/или сол во одредени количини.

На што треба да внимавате кога користите ваков вид на производи:

- Секогаш проверете ги спецификациите на производот што го користите и дали е комбиниран производ.

- Проверете дали детергентот кој го користите одговара на тврдината на водата од водоводот што машината ја користи.

- Внимавајте на упатствата на пакувањето при употреба на ваквите продукти.

- Ако таквите детергенти се во форма на таблети, никогаш не ги ставајте во внатрешниот дел или во корпата за прибор на машината. Секогаш ставајте ги во преградата за детергент.

- тие даваат добри резултати само за одредени видови на употреба. Ако користите ваков вид детергенти, треба да ги контактирате производителите и да дознаете за соодветните услови на употреба.
- Кога условите за употреба на таквите производи и прилагодувањата на машината се соодветни, тие ви обезбедуваат заштеда на потрошувачката на сол и/или додатно средство за плакнење.

- Контактирајте ги производителите на детергент ако нема добри резултати на миење (ако садовите остануваат валкани и влажни) откако сте користеле 2 во 1 или 3 во 1 детергенти. Гаранцијата за машината не важи од поплаки предизвикани од употреба на овие детергенти.

Препорачана употреба: Ако користите комбиниран детергент, тогаш додадете средство за плакнење во машината, прилагодете го нивото на средството за плакнење на најниската (1) позиција и активирајте го копчето за детергент таблета за да добиете најдобри резултати. Ако нивото на тврдината на водата е над ниво 4, тогаш е потребно, потоа е потребно да се наполни преградата за сол. Не се препорачува да употребувате комбинирани детергенти при брзите програми.

Предупредување: Ако се појави било каков проблем, на каков не сте наишле претходно, при употребата на ваков вид детергент, контактирајте го директно производителот на детергентот.

Кога ги откажувате комбинираните детергенти

Наполнете ги преградите за сол и средство за плакнење.
Прилагодете го нивото на тврдина на водата на највисока позиција и пуштете ја машината на празно.
Прилагодете го нивото на тврдина на водата.
Направете го соодветно прилагодувањето за средството за плакнење.

Полнење со средство за плакнење и прилагодување.

Средството за плакнење се користи да се спречи формирање на дамки од вода, бели линии на садовите како и подобрување на сушењето. Спротивно на верувањето, се користи за подобро измиени садови туку и за подобри резултати при сушењето. Поради оваа причина, треба да се внимава да се стави соодветно количество средство за плакнење во преградата и да се користи единствено средство за полирање за употреба за машина за садови.

Да ставите средство за плакнење, извадете го капачето од преградата. Наполнете ја преградата со средство за плакнење се додека индикаторот за ниво не постане темен, вратете го капачето и завртете го така што навоите да се совпаднат.



Со проверка на индикаторот за ниво на средство за плакнење, ќе знаете дали на машината и е потребно средство. Темен индикатор значи дека има средство во преградата а светол индикатор покажува дека треба да ја наполните преградата.

Прилагодувачот за нивото за средство за плакнење може да се прилагоди на позиција од 1 до 6. Фабричкото прилагодување за средството за плакнење е на позиција 3.



Ќе треба да го зголемите степенот на прилагодувачот ако после миењето остануваат дамки на садовите. А треба да го намалите степенот ако има сини дамки кога ќе поминете со раката по садот.



Предупредување: Користете само средства за плакнење кои се наменети за употреба во машина за садови. Ако додадете повеќе средство за плакнење ќе се формира огромно количество пена и ќе го намали ефектот од миењето; вишокот од средството за плакнење извадете го со помош на крпа.

ПОЛНЕЊЕ НА МАШИНАТА

Ако правилно ги поставите садовите во машината, ќе имате најдобри резултати во однос на потрошувачката на енергија, миење и сушење.
Има две одделни крошни за да ја наполните машината со садовите. Во долната корпа може да ставате кружни и длабоки садови како што се тенџерија со долги рачки, капаци на тенџерија, чинии, чинии за салати и сет за прибор.
Горната корпа е наменета плитки чинии, чинии за десерт, здели, шолји и чаши. Кога ги ставате чашите со долго столпче, навалете ги на работ на корпата, полицата или жичениот дел за чаши а не кон другите садови. Немојте да ги потпирате долгите чаши една наспроти друга бидејќи не се стабилни и може да дојде до оштетување.
Подобро да ги ставите тенките делови во средишниот дел од корпата.
Може да ги ставите лажиците меѓу сетот приборот за да не дојде до залепување. Се препорачува да ја користите решетката за прибор за најдобри резултати.
За да не дојде до повреда, садовите со долги рачки и остри краеви како што се ножеви за леб, виљушки за служење итн ставете ги хоризонтално со острите врвови свртени надолу.

Предупредување: Садовите треба да се поставени во машината така што нема да попречуваат при вртењето на долната и горната рачка за распрскување.

Горна корпа

Полица со подесување висина

Овие полици се дизајнирани да го зголемат капацитетот на горната корпа. Може да ставите чашите и шолјите на овие полици. Можете исто така да ја прилагодите висината на полиците. Благодарение на оваа карактеристика, може да ставите различни големини на чаши под овие полици.

Со помош на овие пластични делови за прилагодување за висината, можете да ги користите полиците на 3 различни висини. Како додаток, може да ставите долги виљушки, ножеви и лажици, така што тие нема да пречат на вртењето на пропелерот.



слика 1



слика 2

Прилагодување на висината на горната корпа додека е полна

Механизмот за прилагодување на висината на горната корпа на вашата машина е дизајниран за да ви овозможи да се прилагоди на висината на вашата горна корпа нагоре или надолу, без отстранување од машината кога е полна и да се создаде голем простор на горната или долната површина на вашата машина онаков каков што ви е потребен. Корпата на вашата машина фабрички е поставена на горната позиција. Со цел да се подигне вашата корпа, држете ја од двете страни и повлечете ја нагоре. Со цел да се спушти, држете ја од двете страни повторно и оставете ја.



Кога го користете механизмот за прилагодување кога корпата е полна, бидете сигурни дека двете страни се во иста позиција (нагоре или надолу).





Долна корпа

Полици на преклопување

Полиците на преклопување се состојат од четири дела кои се наоѓаат на долната корпа на вашата машина се дизајнирани со цел да ви овозможат полесно ставање на големи предмети како што се тенџерија, тави, итн. Ако е потребно, секој дел може да се преклопи одделно, или можат да се преклопат сите одеднаш и да се добие поголем простор за ставање садови. Можете да ги користите полиците на преклопување со подигање нагоре или со преклопување.





Горна корпа за прибор

Горната корпа за прибор е дизајнирана за ставање виљушки, лажици и ножеви, долги кутлачи и мали работи.



Бидејќи лесно може да се извади од машината, ви овозможува после миење да ги извадите садовите заедно со корпата.



Горната корпа за прибор е составена од два дела; ако треба да направите простор за садовите во горната корпа, можете да го извадите левиот или десниот дел од горната корпа за прибор со цел да добиете повеќе простор.

Предупредување: Ножевите и другите остри предмети мора да се ставаат хоризонтално во корпата за прибор.

Додатни корпи



Горна корпа



Погрешно полнење



Стандардно полнење и тест податоци

Капацитет:
Горна и долна корпа: 15 места. Горна корпа треба да се намести на висока позиција. Чашите треба да се наместат на закачалките за садови.

Детергент / додатно средство за плакнење
5+25 cm , во согласност со EN50242-DIN 44990 IEC 436 (меѓународни норми) / прилагодување на дозата на средството за плакнење: 4

Тест на програмите
Економски 50 °C, во согласност со EN 50242 (меѓународни норми).







ОПИС НА ПРОГРАМИТЕ

Програма број	Авто интензивна	Авто нормална	Авто Деликатна	Хигиена	55' 60°C	Економска	Брза	Плакнење	Екста хигиена (предмиење хигиена 60°C)
Име и температура на програмата	60-70°C(P1)	50-60°C(P2)	30-50°C(P3)	60°C(P4)	60°C(P5)	50°C(P6)	40°C(P7)	- (P8)	70°C
Видови на користена храна	Автоматско прилагодување на времето на миење со температура и количество вода со одредување на валканоста на садовите.			Садови со голема нечистотија кои чекале подолго време за миење и бараат хигиенско миење	Супи, сосови, паста, јајца, компири и садови од рерна пржена храна	Кафе. Млеко, чај, ладно месо зеленчук кои не стоеле долго време	Кафе. Млеко, чај, ладно месо зеленчук кои не стоеле долг	Пред миење за плканење и миење на остаоците на храна а потоа бирање програма	Садови со голема нечистотија кои чекале подолго време за миење и бараат хигиенско миење
Ниво на валканост	високо	високо	слабо	високо	средно	средно	слабо		високо
Количина на детергент A:25 см³ / 15 см³ B:5 см³	A+B	A+B	A	A+B	A+B	A+B	A		A+B
	Автоматична настройка на времето за измиване, с темепратура и количество вода в зависимост от замърсяването на съдовете			пред миење миење 60°C Ладно плакнење Топло плакнење Сушење Крај	миење 60°C Ладно плакнење Топло плакнење Крај	пред миење миење 50°C Ладно плакнење Топло плакнење Сушење Крај	пред миење миење 40°C Ладно плакнење Топло плакнење Сушење Крај	пред миење Крај	пред миење миење 50°C миење 70°C Ладно плакнење млако плакнење Топло плакнење Сушење Крај
Траење на програмата (мин)	111-183	100-127	64-92	123	55	162	30	15	161
Потрошувачка на струја (kW) часови	1.22-1.8	1.12-1.3	0.89-0.96	1.55	1.07	1.03	0.88	0.02	1.75
Потрошувачка на вода (liters)	13.3-24.6	10.9-18.5	10.6-17.7	15	11	9	11	4.2	22.7

***Предупредување**:* Кратките програми не вклучуваат сушење.

Вредностите кои се горе наведени се добиени под лабораториски услови според релевантни стандарди. Овие вредности може да се менуваат во зависност од условите за користење на производот и животната средина (притисокот на мрежата, притисокот на водата, влезната температура на водата и температурата на средината).

ВКЛУЧУВАЊЕ НА МАШИНАТА И БИРАЊЕ ПРОГРАМА

вклучување на машината

Машината се вклучува со притискање на копчето за вклучување и исклучување, две црти се појавуваат на дисплејот и индикаторот за крај на програмата се вклучува

Кога копчето за вклучување и исклучување е притиснато, индикаторот за крај на програмата

1. Притиснете го копчето за вклучување и исклучување
2. одберете програма која одговара на садовите преку копчето за бирање програма.
3. ако сакате, можете да одберете додатна функција.
4. затворете ја вратата. Програмата стартува автоматски.

Забелешка: Ако не сакате да ја стартувате машината веднаш по бирањето програма, само притиснете го копчето за вклучување и исклучување.машината е подготвена за одбирање нова програма кога повторно ќе го притиснете копчето за вклучување и исклучување. Можете да одберете нова програма со копчето за бирање програми.

Програмата follow-up



не отворајте ја вратата пред да заврши програмата

На контролната плоча се вклучува индикаторот за крај на програмата кога одбраната програма е завршена машината исто така дава звук на зуње, 5 пати кога завршила програмата.

Менување програма

Ако сакате да промените програма додека програмата на миење трае.



отворете ја вратата и одберете нова програма со притискање на копчето за бирање програми

откако ќе ја затворите вратата, новата стартувана програма ќе го продолжи текот на старата програма.

Забелешка:Кога вратата на машината е отворена за да ја запрете програмата на миење пред да заврши, отворете ја вратата само малку да не дојде до прскање на водата.

Менување на програмата со ресетирање

Ако сакате да ја откажете програмата додека трае програмата на миење.

Забелешка: Кога вратата на машината е отворена за да ја запрете програмата на миење пред да заврши, отворете ја вратата само малку да не дојде до прскање на водата.

Исклучување на машината



ЗАБЕЛЕШКА: По сигналот на зуење која кажува за крај на програмата кога циклусот на миење завршил (светлото за крај се вклучува), оставете ја вратата на машината малку отворена за да се забрза сушењето.

Забелешка: Ако машината на вратата се отвори при миењето или дојде до прекин на струјата, машината ќе продолжи ако вратата се затвори или дојде повторно струја.

Вратата мора да биде во позиција ОТВОРЕНА (OPEN) за време на активирањето и деактивирањето на режимите за внатрешно светло.
Како да промените од „ЕКО РЕЖИМ“ ("ECO MODE") во „НОРМАЛЕН РЕЖИМ“ ("NORMAL MODE") за опцијата з внатрешно светло
Прво отворете ја вратата на машината за миење садови и вклучете ја машината преку главното копче (тоа е во позиција исклучено (OFF)).

Притиснете ги копчињата „Таблета“ ("Tablet") и „Пред миење“ ("Prewash") симултано 3 секунди.

Ќе се прикаже "ILO" на дигиталниот дисплеј 2 секунди за да покаже дека е избран „Нормален режим“ ("Normal Mode") за опцијата за внатрешно светло.

Откако ќе се изберете „Нормален режим“ ("Normal Mode") внатрешното светло ќе биде вклучено (ON) се додека работи машината и вратата на машината е отворена.

Како да промените од „НОРМАЛЕН РЕЖИМ“ ("NORMAL MODE") во „ЕКО РЕЖИМ“ ("ECO MODE") за опцијата за внатрешно светло:

Прво отворете ја вратата на машината и вклучете ја машината преку главното копче (тоа е во позиција исклучено (OFF)).

Притиснете ги копчињата „Таблета “ ("Tablet") и „Пред миење“ ("Prewash") симултано 3 секунди. Ќе се прикаже "ILO" на дигиталниот дисплеј 2 секунди за да покаже дека е избран „Еко режим“ ("Eco Mode") за опцијата за внатрешно светло.

Исто така внатрешните светла се исклучуваат и вклучуваат (OFF и ON) повторно (трепкаат моментално) за да покажат дека оваа опција е активирана.

Откако ќе се избере „Еко Режим“ ("Eco Mode") внатрешното светло ќе биде вклучено (ON) 4 минути откако ќе се отвори вратата на машината и потоа ќе се исклучи (OFF).

Ако дојде до било каква интервенција од страна на корисникот како што е притискање на копчиња, циклусот на еко режимот почнува од почеток (внатрешното светло ќе биде вклучено (ON) 4 минути и потоа повторно се исклучува (OFF))

Забелешка: Фабричкото подесување за внатрешното светло е на "IL1".

ОДРЖУВАЊЕ И ЧИСТЕЊЕ Редовното чистење на машината и го продолжува векот на траење.

Маснотии и бигор може да се насоберат во делот за миење во машината. Во тој случај;
-наполнете ја преградата за детергент без да ја полните машината со садови, одберете програма која работи на висока температура и пуштете ја машината. Ако и ова не е доволно, употребете посебни абразивни средства за чистење достапни на пазарот. (средствата за чистење треба да се посебно наменети за чистење машини за миење садови.)

Чистење на дихтунзите на вратата на машината,
-Да ги исчистите насобраните остатоци на дихтунгот на вратата, редовно бришете го со навлажнета крпа.

Чистење на машината,
Чистете ги филтрите и рачките за распрскување најмалку еднаш неделно.
Исклучете ја од штек машината и водата пред да почнете со чистењето.
Не користете тврди материјали при чистењето. Избришете со фино средство за чистење и навлажнета крпа..

Филтри
Проверете дали има остатоци од храна на големите и фините филтри. Ако има остатоци храна, извадете ги филтрите, исчистете ги темелно под млаз вода.

a. Микро филтер
b. Груб филтер
c. Метален/пластичен филтер





За да го извадите и исчистите филтерот, свртете во насока на стрелките на часовникот и извадете го со повлекување нагоре.1





Повлечете и извадете го металниот /пластичен филтер. Потоа извлечете го грубиот филтер од микро филтерот. Измијте со силен млаз вода. Повторно вратете го металниот/пластичен филтер. Ставете го грубиот филтер во микро филтерот и внимавајте ознаките да одговараат една на друга.

Прикачете го микро филтерот на металниот/пластичен филтер и свртете во насока на стрелката и се заклучува кога стрелката на микро филтерот може да се види од спротивно. 4

- Никогаш не користете ја машината за садови без филтер.
- Неправилно поставување на филтерот може да ја намали ефикасноста на миење.

- Чисти филтри се важни за правилна работа на машината.



Рачки за распрскување

Проверете дали отворите на горната и долната рачка за распрскување се затнати. Ако има затнување, извадете ги рачките и исчистете ги под млаз вода.

Долната рачка за распрскување може да ја извадите со повлекување нагоре а навртката на горната рачка може да се извади со вртење на лево. Не заборавајте навртката добро да ја стегнете кога повторно ќе ја местите горната рачка за распрскување.

Филтер на цревото

Филтерот на доводното црево ја штити машината да не дојде до оштетување поради било какво загадување (песок, глина, рѓа итн.) кои може повремено да влезат преку водоводната мрежа и за да не дојде до формирање наслаги по миењето. Повремено проверувајте го филтерот и чистете го ако е потребно. Да го исчистите филтерот, исклучете ја водата и извадете го цревото. Откако сте го извадиле филтерот од цревото измијте го под млаз вода. Чистиот филтер вратете го повторно на цревото. Наместете го цревото.

КОДОВЕ НА ГРЕШКИТЕ И КАКВО ДА НАПРАВИТЕ В СЛУЧАЙ НА ПОВРЕДА

КОД	Опис на грешка	КОНТРОЛА
F5	Несоодветен довод на вода	проверете дали вентилот на славината за вода е целосно пуштен и дали има прекин на водата запрете ја водата, извадете го цревото од славината и исчистете го филтерот на крајот на цревото рестартирајте на машината, и ако продолжи проблемот контактирајте со овластен сервис
F3	Грешка на постојан довод	затворете ја славината контактирајте сервис
F2	Вишокот вода не може да се испушти.	одводното црево е затнато филтрите на машината се затнати вклучување и исклучување на машината и команда на откажување на активната програма ако продолжи грешката, контактирајте сервис
F8	Грејач грешка	контактирајте сервис.
F1	Алармот а активиран против истекување	исклучете ја машината и затворете ја славината контактирајте сервис .
FE	Погрешна електронска картичка	контактирајте сервис.
F7	Прегревање r (температурата во машината е премногу висока)	контактирајте сервис.
F9	Грешка на позиција на дивизорот	контактирајте сервис.
F6	Дефект на грејач	контактирајте сервис.

Ако програмата не стартува

- Проверете дали штекот е приклучен.
- Преверете ги осигурачите.
- Осигурете се дали водата е пуштена.
- Осигурете се вратата на машината да е затворена.
- Осигурете дали дали машината е исклучена со копчето за вклучување и исклучување
- Осигурете се дали филтерот на доводната вода и филтрите на машината да не се затнати.

Ако има остатоци од детергент во преградата

Ставено е детергент кога преградата била влажна.

Ако има вода внатре во машината на крајот од програмата

- Одводното црево за вода е затнато или свиткано.
- Филтрите за затнати.
- Програмата не завршила.

Ако машината запре при работа

- Прекин на струјата.
- Прекин на водата.
- Програмата може да биде во мод на мирување.

Ако се слушаат звуци на тресење и чукање при работа

- Садовите не се поставени правилно.
- Рачката за распрскување удира во садовите.

Ако има делумно останати остатоци од храна на садовите

- Садовите не се поставени правилно и водата која се распрскува не стига до тие места на садовите.
- Корпата е преполна.
- Садовите се потпираат еден на друг.
- Мало количество на детергент
- Одбрана е слаба програма на миење.
- Рачките за распрскување се затнати со остатоци од храна.
- затнати филтри.
- Филтрите не се правило наместени.
- Пумпата за довод на вода е затната.

Ако има бели дамки на садовите

- Употребено е мало количество детергент.
- Прилагодувањето за дозирање на средството за плакнење е на многу ниско ниво.
- Не се користи сол и покрај високото ниво на тврдина на водата.
- Прилагодувањето на системот за омекнување на водата е ставен на ниско ниво.
- Капачето на преградата за сол не е затворено добро.
- Детергент без фосфат се користи. Обидете се со детергент со фосфат.

Ако садовите не се сушат

- Одбрана е програма која не опфаќа сушење.
- Дозирањето за средство за плакнење е ставено на ниско
- Брзо вадење на садовите од машината.

Ако има остатоци од рѓа на садовите

- Квалитетот на садовите за не рѓосувачки челик е недоволен.
- Високо ниво на сол во водата за миење.
- Капачето на преградата за сол не е затворено добро.
- Има сол истурено на страните во машината кога сте полнеле со сол.
- Нечиста внатрешност

Вратата не се отвора/затвора правилно;

- Не е поставено правилна тежина на дрвен дел на вратата. (следете ја тежината дадена во прирачникот за Склопување)

- Растегливоста на пружините на вратата не е прилагодена правилно. Прилагодете според прирачникот за склопување

Повикајте овластен сервис ако проблемот постои и понатаму и по проверката или во случај на проблем кој не е наведен погоре.

ПРАКТИЧНИ И КОРИСНИ ИНФОРМАЦИИ

1. Секогаш кога нема да работите со машината
- Исклучете ја од струја и вода.
- Оставете ја малку отворена вратата за да не се формираат непријатни мириси.
- Внатрешноста на машината нека бие чиста.

2. Елиминирање на капките вода
- Мијте ги садовите со интензивна програма
- Извадете ги сите метални садови надвор од машината.
- Не додавајте детергент.

3. Ако правилно ги поставите садовите во машината, ќе имате најдобри резултати во однос на потрошувачка на енергија, при миење и сушење.

4. Тргнете ги парчињата храна пред да ги ставите валканите садови во машината.

5. Пуштете ја машината откако целосно сте ја наполниле. .

6. Користете ја програмата на пред миење само кога е потребно.

7. Прочитајте ги информациите за програмата и табелата на вредности на просечната потрошувачка при бирање програма.

8. Поради фактот дека машината достигнува висока температура, не треба да се монтира во фрижидер.

9. ако машината е наместена на места кае постои ризик од замрзнување, морате целосно да ја извадите водата преостаната во машината. Исклучете ја водата, извадете го доводното црево за вода и внатрешноста нека се исцеди.

ПРОИЗВОД FICHE (Spect)

Заштитна марка на производителот	Eurolux
Модел на производителот	DW15V - AAA - 5
Капацитет на машината за садови	15
Класа на енергетска ефикасност	A++
Годишна потрошувачка на енергија во kWh (AE_C) (280 циклуси)	267
Енергетска потрошувачка (E_T) (kWh по циклус)	1,03
Потрошувачка на струја во мирување (W) (P_O)	0,05
Потрошувачка на струја кога е вклучена (W) (P_L)	1,00
Годишна потрошувачка на вода (AW_C) (280 циклуси)	2520
Класа на ефикасност при сушење	A
Име на стандардна програма	Eco 50°C
Време на програмата за стандарден циклус (мин)	162
бучава dB(A)	47
вградена	YES

*Годишна енергетска потрошувачка 267 kWh, базирани на 280 стандардни циклуси, користејќи ладна вода и користење на понизок режим на моќност. Вистинската потрошувачка на енергија ќе зависи од тоа како се користи апаратот.

**Годишна потрошувачка на вода 2520 литри базиран на 280 Стандардни циклусот на миење. Вистинското количество вода ќе зависи од тоа како се користи апаратот.

***Класа на сушење А според Рихтеровата од G (најмалку ефикасна) до А (најефикасен).

****"Еко 50°C" е стандарден циклус на миење, кој е поврзан со производот Фиш. Оваа програма е погодна за чистење на нормално валкани предмети и е најефикасен програма во однос на комбинацијата од употребено количество на вода.

Симболот обележан на уредот, или обележан на неговата документација, покажува дека тој уред не смее да се третира како домашен отпад. Наместо тоа тој уред треба да се предаде во најблискиот пункт за рециклирање на електрички и електронски уреди.
Уништувањето треба да се изврши во согласност со локалните закони и во согласност со стандардите за животната средина .